Врз основа на член 49 став (1) алинеи 3, 6 и 7 и член 47 став (4) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21 и 73/24) и Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 48/26), Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

**Јавен конкурс за проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за производителите согласно со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), како и прописите за посебните текови на отпад**

**ДЕЛ I**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Врз основа на член 47 став (3) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21 и 73/24), Владата на Република Северна Македонија ја донесе Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 48/2024).

Согласно дел 2 став (4) од Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година, предвидени се средства во износ од 23.341.000,00 денари кои ќе се доделат по пат на јавен конкурс за проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за производителите согласно со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), како и прописите за посебните текови на отпад.

Согласно дел 4 од Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година, јавниот конкурс од делот II став (4) од оваа програма го објавува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна во месец февруари 2026 година согласно член 49 став (5) од Законот за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад (*), а средствата ќе се користат за проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за производителите согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), кои се однесуваат на одговорноста на производителите по завршувањето на фазата на консумирање на производите што ги пуштиле на пазарот во Република Северна Македонија, односно на



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазар.
За користење на средствата Центрите за развој на планските региони поднесуваат барање до Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс.
Од страна на комисија формирана од министерот за животна средина и просторно планирање за спроведување на јавниот конкурс од ставот (1) на овој дел, во временски период од 30 дена од денот на истекувањето на рокот за аплицирање од ставот (2) на овој дел, се доставува предлог за распоредување на средствата до министерот, кој врз основа на истиот одлучува за распоредување на средствата од јавниот конкурс, најдоцна до крајот на месец јули 2026 година.
Сите заинтересирани апликанти (Центри за развој на планските региони) треба да ја пополнат проектната апликација за предлог проектите за финансирање во насока на исполнување утврдените намени дадена во дел I, II и III во овој конкурс.

**Важна напомена:** Пред пополнување на овој образец, Ве молиме внимателно прочитајте ги дадените инструкции. Ве молиме внесете го текстот во соодветните полиња, во согласност со инструкциите што служат како насоки при пополнување на секое поле. Пожелно е при наведување анализи и истражувања да се наведат и изворите на информациите**.** Доколку одлучите да приложите табели, графикони или референции, додадете ги во соодветните полиња.

**Забелешка:** Резимето на проектот наведено во ДЕЛ II точка 1 - Резиме на проектот може да биде користено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (на пример, извадоци од проекти кои биле финасирани може да бидат објавени на веб страната министерството, на социјални медимум и сл.). Затоа, овој дел не треба да содржи информации што имаат доверлив карактер.

## 2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

**Главната цел** на овој конкурс е обезбедување на собирање на максимални количини на посебен тек на отпад и обезбедување на повторна употреба и најсовремена преработка и рециклирање на посебните текови на отпад, со цел постигнување на националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање утврдени во прописите за посебните текови на, како и постигнување на високо ниво на заштита на животната средина и здравјето на луѓето, согласно со принципот на одржливост.



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| |
|---|
| **„Национални цели“** се утврдени количини во прописите за посебните текови на отпад за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебен тек на отпад, со одреден квалитет на преработка и рециклирање кои треба да бидат постигнати заради исполнување на обврските на Република Северна Македонија кои придонесуваат во глобалните напори за заштита на животната средина и одржливиот развој, како и во исполнување на својот удел во утврдените цели на Европската Унија прифатени со ратификувани меѓународни договори или спогодби.<br><br>**„Посебна цел за управување со отпад“** е одделна количина за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебен тек на отпад, со одреден квалитет на преработка и рециклирање што е утврдена во прописите за посебните текови на отпад, посебно за секоја група и вид на тек на отпад, која треба да ја постигнат производителите преку колективните односно самостојните постапувачи заради исполнување на својот удел во постигнувањето на националните цели на Република Северна Македонија. |
| **Целите на конкурсот** се постигнување на посебните и националните цели за управување со посебните текови на отпад преку соодветна примарна селекција на посебните текови на отпад од домаќинствата кои придонесуваат кон постигнувањето на националните цели за посебните текови на отпад. |
| Министерот за животна средина и просторно планирање фомира **комисија за спроведување на Јавниот конкурс**.<br><br>Комисијата во временски период од 30 дена од денот на истекувањето на рокот за аплицирање доставува предлог за распоредување на средствата до министерот, кој врз основа на истиот одлучува за распоредување на средствата од Јавниот конкурс најдоцна до крајот на јули 2026 година.<br><br>Врз основа на предлогот од Комисијата, Министерот донесува одлука за доделување на средствата од Јавниот Конкурс и склучува Договор за реализирање на проектот.<br><br>Одлуката за распоредувањето на средствата од Јавниот конкурс ќе биде објавена на официјалната веб страна на Министерството за животна средина и просторно планирање https://www.moepp.gov.mk и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. |

## 3. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АПЛИКАНТОТ

| | |
|---|---|
| Целосен назив на апликантот | |
| Име на проект | |



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| | |
|---|---|
| ЕМБС | |
| Даночен број : | |
| Датум на основање | |
| Име и презиме на лице за контакт: | |
| Електронска пошта за контакт: | |
| Телефонски број на лицето за контакт: | |

**4. ПРОЕКТЕН ПЛАН**

**4.1. Ве молиме обезбедете резиме на проектот за кој барате кофинансирање**

- Резимето треба да ги содржи сите релевантни информации за проектот и да биде напишано на разбирлив и едноставен начин. Резимето треба да содржи наративен опис на клучните аспекти на вашиот проект, притоа одговарајќи на прашањата: **ШТО, КОЈ, КАКО, КОГА и КАДЕ**?
- Наведете ги главната цел на проектот, како и клучните активности што ќе водат до нејзино остварување и до остварување на целите на Јавниот конкурс.
- Ако се работи за иновација, дадете кус опис на иновацијата што сакате да ја развиете, како и на пазарниот потенцијал за нејзиното воведување.
- Ако се работи за учество во проекти кои се финансираат од страна на фондовите на Европската Унија или друг донатор наведете ги главната цел на проектот, како и клучните активности што ќе водат до нејзино остварување и до остварување на целите на Јавниот конкурс.

| |
|---|
| Најмногу 500 зборови |

**4.2. Ве молиме во табелата подолу презентирајте го планот на проектни активности (по потреба, додадете редови)**

Ве молиме наведете ги планираните активности за време на проектот, со кус опис на секоја активност, период на реализација, потребните ресурси за реализација, одговорното лице, како и очекуваните резултати по имплементација на активноста.

| **Назив на активноста** | **Опис на активноста** | **Период на реализација**<br>**(Бр. на квартали/месеци и сл.)** | **Потребни ресурси (технички, човечки, финансиски)** | **Одговорно лице** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

## 5. ФИНАНСИСКИ ПРОЕКЦИИ

| **1. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ**<br>**(главни активности кои се предвидени за спроведување на проектот)** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Број на месеци** |
| **1** | | |
| | | |

| **2. ПРЕГЛЕД НА БУЏЕТОТ ПОТРЕБЕН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ**<br>**(да се даде предлог буџет потребен за спроведување на проектот преку предвидените главни активности на проектот)** |
|---|



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| Вид на трошок | Ед.мерка | Единечна цена | Вкупен број | Кофинасирање | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **ВКУПНА ВИСИНА НА ФИНАНСИСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** | | | | **Со ДДВ:** | |
| | | | | **Без ДДВ:** | |
| **ВКУПНА ВИСИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСИРАЊЕ:** | | | | **Со ДДВ:** | |
| | | | | **Без ДДВ:** | |

## 6. РОК И НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ

| |
|---|
| 6.1. Рокот на доставување на барањата изнесува 30 дена од денот на објавувањето на Конкурсот на официјалната web страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk), Службен весник на Република Северна Македонија“ и во дневните весници „Слободен Печат“ и „КОХА“; |
| 6.2. Доставените барања кои ќе пристигнат по истекот на рокот за доставување и кои нема да бидат во согласност со условите од Конкурсот нема да бидат разгледувани од страна на комисијата; |
| 6.3. Барањата може да се доставуваат преку пошта на адресата на Министерството за животна средина и просторно планирање:<br><br>Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје,<br><br>со назнака:<br><br>„ Јавен конкурс за проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за производителите согласно со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), како и прописите за посебните текови на отпад “ |



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| |
|---|
| или пак да се предадат во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање секој работен ден од 09.00 до 15.00 часот. |

**ДЕЛ II**

1. **ПРОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ НА АПЛИКАНТИТЕ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ ОСНОВНИТЕ КРИТЕРИУМИ:**

**1.1. Правното лице да е регистрирано во дејноста.**
***(се доставуваат следните документи во прилог; не постари од шест месеци)***

- Потврда за регистрирана дејност од Централен Регистар на РСМ, како доказ дека е регистрирано правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на Јавниот конкурс,
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста, потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста.
- Правното лице да има вработено или ангажирано со договор најмалку 3 лица со што ќе докаже дека има капацитет да ги спроведе планираните активности.

2. **ПРОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОЕКТИТЕ**

Проценката на барањата за исполнуваат основните критериуми за финансирање на проекти ќе се врши врз основа на следните посебни критериуми:

| | **Област** | **Бодови** |
|---|---|---|
| **1.** | **Организациска поставеност** | **20** |



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Дали апликантите има организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери или хонорарно ангажирани, канцелераски простор, техничка опременост и способност да раководи со буџетот) | 20 |
| **2.** | **Целна група на проектот** | **10** |
| 2.1 | Дали целната група на проектот, е соодветно и јасно идентификувана и ќе се овозможи максимален ефект од реализација на проектните активности | 10 |
| **3** | **Квалитет на проектот** | **50** |
| 3.1 | Колку главната цел на проектот ќе придонесе кон реализација на предвидените цели на конкурсот | 10 |
| 3.2 | Степен на иновативност на проектот и влијанието на активностите од проектот врз пазарниот потенцијал | 10 |
| 3.3 | Дали спроведувањето на проектните активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.4 | Дали од спроведувањето на проектот ќе придонесе кон значаен прогрес во областа | 10 |
| 3.5 | Предвидената временска рамка на проектните активности има јасна и логична рамка на исполнување на проектните активности | 10 |
| **4.** | **Буџет и ефикасност на трошење** | **20** |
| 4.1 | Дали активностите соодветно се прикажани во буџетот | 10 |
| 4.2 | Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен | 10 |
| | **Вкупно бодови** | **100** |

## ДЕЛ III

**Изјава за прифаќање на условите на Јавниот Конкурс**

**Напомена:** Изјавата се пополнува од страна на овластен застапник на правното лице

**ИЗЈАВА НА АПЛИКАНТОТ**

Во име на **(*назив на апликантот правно лице)*** (во понатамошниот текст „апликант“) и во својство на овластено лице на апликантот со оваа изјава:

Ја потврдувам намерата на апликантот да се пријави на „ Јавен конкурс за проекти за исполнување на обврски кои произлегуваат за производителите согласно со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), како и прописите за посебните текови на отпад “ објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст „министерство“), како и намерата да ги спроведе сите активности наведени во проектната апликацијата и буџетот на проектот.

1. **Исполнување на услови за подобност**

Потврдувам дека апликантот ги исполнува условите за подобност наведени во точка 3 од овој Конкурс.

Потврдувам дека на барање на министерството ќе ги доставам сите други документи и потврди кои се неопходни за докажување на исполнетост на условите за подобност.

2. **Изјава за намера во врска со изворот на обезбедување на средствата за кофинансирање**

Потврдувам дека апликантот ќе ги обезбеди потребните финансиски средства за кофинансирање на предлог-проектот во износ од ***[износ за кофинансирање од страна на апликантот во денари]*** преку [ве молиме означете во соодветното поле]:

| | |
|---|---|
| а) | Сопствени средства |
| б) | Кредит или заем од финансиска институција |
| в) | Донација |
| г) | Друго (ве молиме наведете) ___________________________________ |

## 3. Вистинитост и доверливост на податоците

Потврдувам дека сите информации во предлог проектот се целосни и вистинити.

Согласен/а сум основните податоци за апликантот, називот на апликантот, име на проектот, контакт, основниот опис на проектот, побаран износ од министерството, износ на сопствено ко-финансирање како и износ на вкупен буџет да бидат јавно достапни.

Согласен/а сум информациите од предлог проектот да можат да бидат внесени во евиденцијата на податоци на министерството, да се користат за анализи и за известување од страна на министерството (со исклучок на доверливите информации поврзани со интелектуалната сопственост и со технички детали околу технологијата).

Согласен/а сум, во случај на одобрување на предлог проектот и на добивање средства од министерството, информацииите од предлог проектот да бидат искористени за промовирање на министерството (со исклучок на доверливите информации поврзани со интелектуалната сопственост и со техничките детали околу технологијата).

## 4. Пристап кон дополнителни информации

Потврдувам дека апликантот ќе ги достави сите дополнителни информации и документи до министерството потребни за процесот на оценување и на вршење надзор, на барање на министерството.

Потврдувам дека апликантот навремено ќе го известува министерството за која било промена што ќе настане, а е од значење за процесот на анализа и на оценување на предлог проектот или на следење на одобрениот проект, како и дека, во случај такво известување да не е доставено целосно и навремено до министерството, апликантот ќе ја сноси одговорноста за каква било штета или трошоци што ќе настанат од тоа.

Потврдувам дека апликантот ќе се придржува до соодветните процедури и принципи за работа што ќе му овозможат на министерството да врши надзор и процена на напредокот на проектот и остварување на проектните резултати.

Потврдувам дека апликантот ќе дозволи министерството односно Комисијата да извршат увид и ревизија на сите документи што се дел од предлог проектот и од проектната апликација доколку е одобрен предлог проектот.

## 5. Членови на Комисија

Потврдувам дека сме запознаени со фактот дека апликантот не може и нема право да ја оспори евалуацијата на Комисијата од Дел I точка 2.

**6. Финансирање**

Во случај предлог проектот да е одобрен за финансирање, потврдувам дека апликантот ќе потпише Договор за доделување на средства во предвидениот рок.

Во случај предлог проектот да е одобрен за финансирање, потврдувам дека апликантот ќе го спроведе проектот во согласност со условите што се бараат од страна на министерството доследно и ефикасно и во согласност со добрите технолошки, економски, финансиски, еколошки и социјални стандарди и практики, прифатливи за министерството.

Во случај на одобрување на предлог проектот, потврдувам дека апликантот ќе ги користи одобрените финансиски средства во согласност со буџетот на проектот одобрен од страна на министерството и дека ќе одржува систем на финансиско известување во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

**7. Интелектуална сопственост**

Потврдувам дека, во случај одржливоста и спроведувањето на проектот за кој аплицирам за добивање на средства да зависи од веќе постоечки права на интелектуална сопственост, обврзан/а сум да доставам доказ (договор за лиценцирање и други договори, in-kind договори за придонес, опции или обврски и сл.) до министерството со што се потврдува дека апликантот (доколку е применливо, претставник на конзорциум) има право на сопственост на користење, на располагање, на пристап или право на комерцијализација на технологијата која е во процес на развивање и на готовиот производ или услуга.

Потврдувам дека која било нова интелектуална сопственост и „know-how“ што ќе настанат за време на спроведување на проектот или како резултат на проектот, ќе му припаѓаат на апликантот (со исклучок на случаеви на склучен договор за соработка со високообразовна односно научноистражувачка установа) и дека тој, ќе ги превземе сите неопходни активности за заштита и за комерцијализација на интелектуалната сопственост што ќе произлезе од спроведувањето на проектот.

Потврдувам дека интелектуалната сопственост што е предмет на предлог проектот свесно и намерно не ги повредува правата на интелектуална сопственост на кое било трето лице.

Министерството нема да биде одговорно во случај на каков било спор поврзан со правата на интелектуална сопственост. Разбирам дека апликантот (доколку е применливо, претставник на конзорциум) е обврзан да ги регулира правата на интелектуалната сопственост меѓу себе и со трети лица пред поднесување на предлог проектот и за времетраење на проектот.

8. **Корупција и измамничко однесување**

Потврдувам дека апликантот ќе работи во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и другите важечки законски прописи во Република Северна Македонија, за време на аплицирањето, на оценувањето и на спроведувањето на проектот.

_______
(место и датум)

Изјава издадена од: ______________________________________

(*Име и презиме, потпис на овластено лице и печат)*

КОМИСИЈА



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk